Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2461/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на Друштвото, Собранието на акционери на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, одржано на 16.04.2025 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
За стекнување на сопствени акции со откуп

(1) Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу 10% од основната главнина на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје.

Номиналниот износ на стекнатите акции со откуп не смее да надмине 1/10 од основната главнина на друштвото.

(2) Минималната односно максималната цена којашто може да се плати за стекнување на сопствените акции со откуп е до 10% пониско или повисоко од последната просечна дневна цена по акција.

Со Одлука на Управниот одбор,по претходна согласност од Надзорниор одбор, акциите може да се откупат по цена која што е надвор од рамките утврдени во став 1 на овој член, доколку откупот е неопходен за да се спречи сериозна штета што би ја претрпело Друштвото како последица од поголеми поместувња на пазарот.

(3) Откупот на акциите ќе се изврши во време кое не може да биде подолго од дванаесет месеци од денот на донесување на оваа одлука.

(4) Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметка на друштвото од сопствени средства.

(5) Со стекнувањето на сопствените акции не смее да се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто, според законот или според статутот мора да ги има и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите.

(6) Купувањето спротивно на оваа одлука е ништовно.

(7) Се овластува Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје во име на Друштвото да ги презеде и врши потребните активности околу купување на акциите преку Македонска берза на хартии од вредност во согласност со оваа одлука.

(8) Одлуката влегува на сила со денот на донесувањето. Со оваа одлука се става вон сила 02-2632/1 од 25.4.2024.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје